romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА МЕНТОРИ

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за МЕНТОРИ кои ќе одржуваат менторски средби со средношколци Роми за подучување, мотивирање и насочување за реализирање на нивте лични, академски и кариерни цели во период од Март 2020 – Април 2020 година, преку индивидуален работен план подготвен од страна на менторот и ученикот/менторираниот.

## Опис на активноста менторство

Менторството претставува можност за учениците Роми да соработуваат и бидат менторирани од страна на ментор кој ќе ги подучува, насочува, советува, охрабрува, мотивира и го поддржува развојот на нивните знења, вештини и способности за реализирање на нивните лични, академски и кариерни цели за понатамошно продолжување со нивното образование или градење на капацитет за настап на пазарот на труд. Временската рамка за реализирање на менторските средби е од Март – Април 2020 год.
Во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“ е предвидено менторирање на ученици Роми за што е потребно ангажирање на вкупно 10 лица (ментори) кои треба да работат со најмногу двајца ученици.

## Цели на менторството

- Да им помогне на менторираните да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на средношколци лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да ги поттикне менторираните да ги развијат своите вештини и капацитети за надминување на образовните предизвици и понатамошно продложување со нивното образование, односно запишување на прв циклус на студии;

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union

- Да креира култура која го гледа менторството како ефикасен начин за развој на поединецот и можност за негово лично, академско и професионално остварување.
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри, стимулира, менторираните ученици да ги искористат активностите на проектот за градење на капацитети, вештини и знаења за настап на пазарот на труд.

**Работни задачи и надоместок на ментори**

- Да подготви индивидуален работен план во соработка/согласност со менторираниот ученик;
- Да ја следи динамиката на реализација на работниот план, да одржува контакти со менториран и да воспостави взаемен однос базиран на доверба и почит;
- Да одржува менторски средби двапати неделно во период од Март 2020 до Април 2020;
- Да му помогне на менторираниот да ги идентификува своите јаки страни и да го насочи да ги надмине своите слабите страни;
- Да го следи личниот и академскиот развој на менторираниот и да го советува како да се справи со настанатите предизвици;
- Да го мотивира и охрабрува менторираниот да го надоградува своето знаење и да ги зајакнува своите вештини;
- Да дава фидбек на личниот, академскиот и професионалниот развој на менторираниот;
- Да подготвува неделни извештаи за реализираните менторски средби;
- Навремено да ги доставува потребните документи/извештаи до организацијата;
- Да одржува средби со проектен тим;
- Да применува иновативни и креативни техники за реализирање на индивидуалниот работен план.
- Да го запознае менторираниот со мерките за вработување на АВРМ, трендовите на вработување.
- Да го потсетува менторираниот за составување и праќање на извештај за одржаните менторски средби

*** Селектираните лица ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на нивните работните задачи во временската рамка за реализирање на менторството, менторите ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 50 евра месечно, во денарска противвредност.

**Кандидати за ментори може да бидат:**

- Студенти на некој од приватните или државните универзитети во Република Северна Македонија
- Дипломирани лица на некој од државните или приватните универзитети во Република Северна Македонија;

- Студенти на втор циклус на студии на некој од државните или приватните универзитети во Република Северна Македонија;
- Лица активно вклучени во граѓанскиот сектор;
- Лица со работно искуство во НВО, поврзано со Ромската заедница.

**Потребни Документи за пријавување за ментор**

За пријавување за ментор треба да се доставaт следните документи:
- документ кој го потврдува степенот на завршено образование;
- кратка биографија и
- мотивационо писмо.

**Начин на пријавување за ментор**

- Потребните документи да се испратат на е-маил адресата: ane.matevska@romaversitas.org.mk со назнака **пријавување за ментор во учебната 2019/2020**

**Краен рок за пријавување**

**Краен рок за пријавување на повикот за ментори е 25 Март ( Среда ) 2020 година!**

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union